ЗАПИСНИК

од првиот состанок во 2015 година на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации одржан на 10.02.2015 година во 13:30 часот

Првиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации за 2015 година, свикан од Претседателот на Комисијата се одржа на 10.02.2015 година во 13:30 часот во просториите на Агенцијата за електронски комуникации.

На состанокот присуствуваа:

Р.Бр.	Име и презиме	Позиција
1	Гордана Клинчарова	Претседател на Комисијата
2	Петар Есмеров	Член на Комисијата
3	Славе Веловски	Член на Комисијата
4	Газменд Ајдини	Член на Комисијата
5	Владимир Ристевски	Советник на директорот за информатички технологии
6	Владимир Велкоски	Раководител на Секторот за финансии и сметководство

Состанокот се одржа според следниот дневен ред:

Р.Бр.	Точка на дневниот ред	Дискусија и заклучоци
1	Усвојување на Записникот од двасеттиот состанок за 2014 година, на Комисијата на АЕК одржан на 22.12.2014 година и усвојување на предлог дневниот ред за првиот состанок за 2015 година на Комисијата на АЕК.	Од страна на Комисијата беше усвоен Записникот од дваесеттиот состанок на Комисијата на АЕК за 2014 година одржан на 22.12.2014 и дневниот ред за првиот состанок за 2015 година на Комисијата на АЕК.
2	Разгледување на четвртиот квартален извештај од 2014 година, за спроведување на програмата за работа на Агенцијата.	Во согласност со член 19 алинеа 6 од Законот за електронските комуникации Комисијата го разгледа четвртиот квартален извештај од 2014 година, доставен од страна на директорот на Агенцијата за електронски комуникации. Во овој период е потпишана спогодбата за регионална регулација на цените за роаминг услуги со државите Република Србија, Црна Гора и Босна и Херцеговина.

Кеј Димитар Влахов број 21
1000 Скопје
Република Македонија
тел.: 02 32 89 200
факс: 02 32 24 611
е-пошта: contact@aec.mk

		Со измените на ЗЕК врз основа на оваа спогодба е предвидено намалување на цените за роаминг услугите помеѓу земјите потписнички на ниво на важечките цени во Европска унија. Во овој период се дадени 200 одобренија за користење на радиофреквенции за различни служби и измерени се 4736 емисии на радиостаници. Исто така во овој период се решени 461 спорови помеѓу корисници и оператори и направени 35 надзори врз работата на операторите. Започнат е проектот Дефинирање на мерки за поттикнување на развој на конкуренција на пазарите за електронски комуникациски услуги во Р. Македонија и поттикнување на инвестиции во нова генерација на мрежи (оптика до секој дом, 4G мобилни мрежи, DOCSIS 3.0 мрежи) кој е планирано да заврши по втората половина на 2015 година. Завршен е Правилник за битстрим пристап и препродажба на битстрим услуга и е објавен во Службен весник, со кој се отвора можноста за регулација на големопродажба на интернет преку оптички мрежи на СМП оператор. Потоа врз основа на анализа за СМП оператор е означен Македонски телеком и е задолжен да достави нова референтна понуда за битстим во која ќе бидат вклучени и неговите оптички мрежи. Покрај тоа во овој период е завршен и процесот на измена на повеќе од 60 правилници на АЕК заради усогласување со новиот Закон за електронските комуникации.
3	Усогласување на одлуката 13/52 од 29.11.2005, 11-147/3 од 01.11.2007 и 11-6/2 од 11.02.2009 година.	Одлуката 13/52 од 29.11.2005, 11-147/3 од 01.11.2007 и 11-6/2 од 11.02.2009 година беше усогласена.
4	Разно.	На барање на Директорот на АЕК, беше дадена согласност за распишување на оглас за вработување на 1 (еден) извршител на неопределено време на работно место Референт-администратор, за кое е предвидена Средна стручна подготовка, со или без работно искуство, во Службата за заеднички работи при Агенцијата за електронски комуникации. Вработувањето ќе се спроведе по пат на јавен оглас во согласност со Законот за работните односи.

Кеј Димитар Влахов број 21
1000 Скопје
Република Македонија
тел.: 02 32 89 200
факс: 02 32 24 611
е-пошта: contact@aec.mk

Состанокот заврши во 15:45 часот.

Р.Бр.	Име и презиме	Потпис
1	Гордана Клинчарова	
2	Петар Есмеров	
3	Славе Веловски	
4	Газменд Ајдини	

Наш број _____

Скопје _____

www.aek.mk

Кеј Димитар Влахов број 21
1000 Скопје
Република Македонија

тел.: 02 32 89 200
факс: 02 32 24 611
е-пошта: contact@aec.mk